# КУЛТУРЕН ЖИВОТ

3-4/2016



# КУЛТУРЕН ЖИВОТ

60 години

1956-2016

Списание за култура, уметност и општествени прашања

# КУЛТУРЕН ЖИВОТ

Списание за култура,
уметност и општествени
прашања

**LX** август-ноември 2016



Редакциски одбор:
**Љубица Арсовска** (главен уредник),
**Наташа Аврамовска,**
**Горан Стефановски,**
**Сеад Џигал,**
**Султана Чулева,**
**Дона Колар - Панова,**
**Влатко Коробар и**
**Маргарет Рид**

Надворешни членови:
**Борислав Павловски** (Хрватска),
**Кжиштоф Чижевски** (Полска),
**Кевин Робинс** (Велика Британија)

Дизајн и ДТП
Елена Новкоска
elena.novkoska@gmail.com



Редакција и администрација
Рузвелтова 6, 1000 Скопје
Поштенски преградок 85
Република Македонија

Тел. (+ 389 02) 3226-105;
E-mail: kulziv@yahoo.com
РАКОПИСИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

ПРЕТПЛАТА
Цена на примерок: 200 денари ( 5 €)
Жиро сметка: 300000000220032
(даночен број 4030988216004)
За плаќање од странство: 0270100029380
Депонент: Комерцијална банка АД Скопје,
со ознака „Културен живот", Скопје

Printed in Macedonia

Издавањето на списанието е овозможено
со материјална поддршка на
Министерството за култура

60 години
1956-2016

# КУЛТУРЕН ЖИВОТ

## 3-4/2016

## СОДРЖИНА


**1100 ГОДИНИ ОД УПОКОЈУВАЊЕТО НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ**

Анонимен Светиклиментов ученик 5 Стихири на Господи Возвах (од службата за Св. Климент Охридски)

**ВАВИЛОН – НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР МЛАД ПРЕВЕДУВАЧ 2016**

Огнена Никуљски 6 Благородната мисија на преводот

Даниела Здравковска 8 Теорија на сенките (извадок) Првонаграден превод од италијански на македонски

Санберк Јусуф 13 Keder tüylü bir şeydir (извадок) – Првонаграден превод од англиски на турски

**ИНТЕРВЈУ НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**

Лидија Капушевска-Дракулевска 16 Разгатнување на енигмата на човековото јас – Разговор со Гоце Смилевски

**ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**

24 Изложба на графики на Дијана Томиќ-Радевска и промоција на книгата *Мамо, што има за јадење*, на Дијана Петкова

**ТЕАТАР**

Горан Стефановски 28 Драматуршки белешки, *Хамлет*

Теофил Панчиќ 32 Хамлет во криза (урнебесна трагедија)

**ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**

34 Ретроспектива на Мена Спировска

**СВП 2016**

Катица Ќулавкова 38 Маргарет Атвуд

**ЕСЕЈ**

Ристо Лазаров 42 Песна по песна – Маргиналии за два поетски ракописи: *Црно на Бело* и *Свѐтлината на Света Гора*

**ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**

60 Тања Таневска, *Жичани инструменти*

**ИЗЛОГ НА КНИГИ**

Владимир Мартиновски 62 Влада Урошевиќ, *Тајно злато*
Брако Героски 63 Ристо Лазаров, *(П)огледи*

**ВРЕМЕПЛОВ**

66 Поглед во годините минати (избор на изводоци од текстови во „Културен живот“ објавени од 1986 до денес)

**ДРАМСКА БИБЛИОТЕКА НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**

Русомир Богдановски 109 Ајнштајновите соништа



Разговор со:

**Илија Пенушлиски**

# СЛИКАРСТВОТО Е ПРОЦЕС ВО ТРАЕЊЕ

*Во Вашите понови творби градовите го заземаат местото на пејзажите, кои до неодамна преовладуваа. Што придонесе да се промени темата, и дали таа воопшто се промени или е само изразена на поинаков начин?*

За темата може да се зборува на неколку нивоа: тема што носи приказна, тема што произлегува од цврста определба за извесни сликарски правци, тема-порака... Во секој случај, сликата секогаш содржи тема, ако не поинаку, тогаш барем како фиктивна — како оправдување за она што се работи. На пример, кога сликав пејзажи, еметнував извесна архитектура, што беше оправдување за определени геометриски интервенции. Самите слики како да го бараа тоа! Една слика раѓа друга. Почетокот може да е случаен — во моите слики еметнатата архитектура постепено го „изеде" пејзажот. Работите се случуваат едноставно.

*Каде во сето тоа е местото на инспирацијата?*

Ако воопшто може да се зборува за инспирација — а мислам дека не може, зашто сликарството е процес во траење, а не работа што се одвива во еден миг — таа би можела да се бара во некои попатни импресии, закопани во несвесното, а не толку во реакцијата на нешто директно доживеано. Луѓето обично имаат некаква романтична идеја за тоа како со слика, создадена под влијание на лошата литература. Но вистината е дека во творечкиот чин нема многу романтика. Секој добар уметник — писател, композитор, сликар, точно знае кога треба да внесе нешто што ќе го подигне интересот на гледачите и свесно го користи тоа. Сите миговни инспирации минуваат низ хемиската лабораторија на уметникот и се приспособуваат на она што е во основата на неговиот начин на гледање. Постои полнење, собирање на податоци, но при празнењето приодот е рационален, и се врши избор на она што ќе биде опфатено и начините на кои тоа ќе биде остварено. Сè она што оптоварува се брише. Сметам дека идејата за инспирација е мистификација во која не верувам.

*На Вашите платна, цртежи и графики нема луѓе.*

Јас луѓето ги сфаќам во движење. *Како, и зошто* да ги залепам на слика? Кога се зборува за простор, се зборува и за луѓе кои се дел од него и чие присуство се чувствува. Кај мене луѓето се некако од оваа страна на сликата. Инаку, ликови цртам само кога се одморам, со хемиско пенкало, најчесто во кафеана.

*Меѓу битните карактеристики на Вашето сликарство се боите и перспективите. Боите кај Вас се смениja, а перспективата стана уште подлабока.*

Историјата на сликарството вели дека палетата на сликарот со годините станува сè посветла. Но, понекогаш, како кај мене, таа се стемнува. Порано сликав оптимистички слики. Сега не сум ниту оптимист, ниту песимист. Изборот на односот меѓу светлото и темното произлегува од филозофскиот став кон стварноста. Патем, мислам дека сликарството не треба директно да се занимава со вонсликарски прашања.

Кога се зборува за перспектива, најнапред се мисли на точката на гледање — визурата која суштински го открива и авторот и неговиот став кон она што го слика. Проблемот на перспективата се решава рационално, а не интуитивно. Таа е интелектуално решение. И бидејќи е така, дури и кога не ја почитува, сликарот, по рационален пат, ги урива нејзините правила. Како што е познато, гледањето оддолу е гледање на песимист или исплашен човек, гледањето одозгора содржи оптимизам и чувство на супериорност. Јас гледам од далечина. Не знам точно каков став би бил тоа. Можеби е желба за бегство.

*Вие сте еден од малкуте слободни уметници во нашата Република. Дали ваквиот статус е предност или непогодност?*

Статусот на слободен уметник би требал да биде идеално решение за секој сликар. Сепак, кај нас не е така, од повеќе причини. Сликарите се непрактични, но овој недостаток не треба да се користи против нив. Постојат редица нерешени прашања за положбата на слободниот уметник што му создаваат вистински проблеми во неговата работа. Јас лично, и покрај сè, не би сакал поинаков статус.

ЉУБИЦА АРСОВСКА

Илија Пенушлиски е роден 1947 во Скопје. Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1971 година, и истата година станува член на ДЛУМ. Во 1972/73 бил на специјализација во Прат Институтот во Њујорк, САД. Излагал на повеќе групни и самостојни изложби во земјата и во странство.